Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Студеничани, на ден 20.01.2022 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани**, плански период 2018-2028 година, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Студеничани, www.studenicani.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став(4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани** нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Предметниот плански опфат за кој се изработува **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани**, е со планиран опфат од 1.56 ха. Од вкупната површина на планскиот опфат хотелски комплекси зазема површина од 1.56 ха. Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област од локално значење и нема да има значително негативно влијание врз животната средина. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите на овој плански опфат.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-57/2

Датум: 20.01.2022

Место: Општина Студеничани

Име и презиме

Градоначалник

Азем Садики

Republika e Maqedonisë së Veriut - Komuna e Studeniçanit - Kryetar - Kuzey Makedonya Cumhuriyeti - Studeniçan Belediye Başkanı